## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МИСЛИ ЗА ВОСПИТАНИЕТО: ПРАКТИКУМ ПО ФИЛОСОФИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-151/14 од 114. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 9.11.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Дејан Донев, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- проф. д-р Снежна Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Мисли за воспитанието: практикум по философија**” од **доц. д-р Трајче Стојанов**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Поднесениот ракопис „Мисли за воспитанието: практикум по философија” од доц. д-р Трајче Стојанов како наставно помагало - практикум по предметот Философија на образованието е наменет за студентите од насоките Предучилишно воспитание и Одделенска настава на Факултетот за образовни науки, каде што истиот се изучува во третиот и во четвртиот (III и IV) семестар со вкупен фонд на часови 2+2+1. Со тоа, ракописот „Мисли за воспитанието: практикум по философија” претставува соодветно и целосно покривање на потребите од наставната програма за студиската програма за којашто е наменет.

Но, дури и повеќе од тоа. Ракописот „Мисли за воспитанието: практикум по философија” претставува интересен и уникатен обид да се направи практикум за философијата преку собрани стручни и научни трудови и есеи поврзани со областа која се тематизира философијата и образованието. Со јасна алузија на истоимено то дело на Џон Лок - „Мисли за воспитанието“, дело напишано во периодот од 1683 до 1689 г., авторот доц. д-р Трајче Стојанов како да сака да го покаже и истакне значењето на воспитанието, кое како да е подзаборавено или можеби никогаш доволно истакнато.

На нешто повеќе од 120 страници, со евидентно користење на најновите сознанија од областа, соодветно поткрепено со цитати, референци и библиографски единици, авторот доц. д-р Трајче Стојанов ги омеѓува областите на она што се нарекува философија на образование. Темите со кои се занимава оваа философска дисциплина (што се образованието и воспитанието, кои се нивните цели и смисла, како да се разберат, на кои основи да се постават и сл.) наоѓаат своја рефлексија токму во трудовите и есеите во овој практикум. Внимателно одбраните 14 текстови даваат достатен увид во некои од основните теми и дилеми со кои се занимава философијата на образование и како такви претставуваат одлична можност за студентите да влезат во понатамошни продлабочени истражувања на овие или слични теми или да бидат испровоцирани за дискусија на предвидените вежби по предметот Философија на образование.

Откако во првата глава ќе го одреди сопствениот однос кон философијата, авторот доц. д-р Трајче Стојанов, во двата следни труда веднаш се фаќа во костец со најфилософското од сите философски прашања кои се однесуваат на образованието: чуму образование и воспитание воопшто? Па „скицира“ една дистопична и една утопична визија за суштината и смислата на образованието. Во првиот текст образованието е доведено до

една нихилистичка проекција, која се спасува со телеолошката перспектива понудена во вториот есеј. За веднаш потоа, во третиот текст, авторот да го понуди можеби сопственото видување на смислата, на телосот на таа телологија – калокагатија. Идеалот на антиката овде е обработен како образовен, како воспитен идеал.

Во четвртата глава, авторот прави обид да ја претстави етиката како настава со сите предизвици со кои се соочува истата, давајќи притоа интересен дидактички, методички предлог за поставување на предметот и курикулум во воспитно-образовниот процес. Во истиот контекст продолжува и во следната глава кога го црта *Моралниот лик на наставникот*, во која има интересна теза дека тој всушност претставува предуслов за едно вистинско и квалитетно етичко образование.

Следната глава дава преглед на една помалку или повеќе идеолошки десна идеја за *Образованието како место за изградба на добар граѓанин*, со што авторот отвора навистина сериозни философски, образовни и етички дилеми за смислата и природата на образованието.

Некои современи педагошки и дидактички пренагласувања на интерактивната настава и современите методи во наставата се подложени на конструктивна и издржана критика во следното поглавје со сугестивен наслов *Во одбрана на ex-cathedra*, **додека еден светол пример и идеал и за наставник и за етичар се дава во главата Св. Климент како учител и етичар**.

**Еден од можеби поoбемните, а секако најаналитичките трудови собрани овде е Оспособувањето како постмодерна педагошка парадигма, кој претставува анализа на теоријата на оспособувањето на хрватскиот педагог проф. д-р Јосип Милат. Оваа теорија на хрватскиот научник, авторот доц. д-р Трајче Стојанов ја толкува целосно во философски клуч, нудејќи практично едно философско втемелување на истата во постмодерната, поточно во идеите на Ф. Лиотар и неговата Постмодерна состојба**. Овој текст не е само уникатна интерпретација на теоријата на Јосип Милат, туку и своевидна авторска интервенција и инвенција во педагошката наука, со која се нуди современа, постмодерна педагошка теориска рамка.

Двете следни поглавја за меѓуетничката интеграција, како и за критичкото мислење во функција на мултикулурлизмот и интеркултурната интеграција чинат своевидна целина во која авторот се реферира на овие доста експлоатирани концепти во теоријата и практиката во модерниот свет. Со тоа што во случајов тој ги става во контекст на образованието, а особено во контекст на домашните услови, обидувајќи се да понуди оригинални решенија за нашата, македонска „мултикултурна загатка“.

На крај, можеби со истата верба со која и започна оваа книга, авторот завршува со вербата во училиштето и наставата како работилница за вечни вредности, во кое транстемпоралноста како експлицитно философска категорија станува единствено вредна и образовна категорија. Воспитанието и образованието имаат вечна смисла токму од аспект на вечноста, **sub specie aeternitatis**.

Врз основа на сето погоре изнесено, рецензентите на ракописот „Етика во образованието“ од авторот доц. д-р Трајче Стојанов го донесуваат следниов

## ЗАКЛУЧОК

Општата научна, стручна и педагошка оценка на трудот е дека истиот претставува не само потреба на студентите, на стручната и научната јавност, туку дека тоа претставува и вредно научно-стручно дело кое ќе биде од голема полза и на пошироката научна јавност не само заради својата содржина, туку изаради своите изразени методолошки, научни и педагошки квалитети.

Оттука, Рецензетската комисија има особена чест и задоволство да го препорача издавањето на ракописот „Мисли за воспитанието: практикум по философија" од доц. д-р Стојанов Трајче, како стручен труд – практикум, за потребите на студентите на Факултетот за образовни науки, без никакви додатни потреби за промени и интервенции во текстот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Дејан Донев, с.р.**
**Проф. д-р Снежна Јованова-Митковска, с.р.**